## **Пламеница на кромидот** (Peronospora destructor)

Пламеницата на кромидот во наши  услови редовно се јавува и нанесува големи штети. При масовна појава голем дел од лисната маса се уништува,  поради што приносите доста се намалуват а квалитетот на луковиците е лош.

***Препознавање.*** Првите знаци на болеста се јавуваат во пролет, кон крајот на април и почетокот на мај. Лисјата стануваат бледожолти а растенијата заостануват во порастот.
За време на големата влажност и топло време, на лисјата се појавува сивкаста мувла, а на лушпите од главицата  се појавуват сивкасти дамки.

***Заштита.*** Најважно е  садниот материјал да биде здрав, а на површините каде што предходно се има јавено оваа болест не треба да се одгледува кромид најмалку три години. Кромидот за производство на главици треба да се прска на секој 4 до 5 дена, се додека има интензивен пораст на лисната маса а потоа прскањето се проредува. Кога лисната маса  целосно ќе се формира се прекратува со заштита.
За сузбивање на пламеницата на кромидот можат да се употребат следните препарати: Антракол, Манкозеп, Дитан, Браво, Ридомил Голд и други.



Пламеница ка кромидот



Симптоми на пламеницата

**Дип.инг. агр.  Звезда Ричлиева**

**АПРЗ Струмица**